**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-1248
31.12. **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-7225/1 од 29.12.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инстументална вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик, од страна на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 30.12.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, заради извршена повреда на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), на начин што радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, на 4 декември 2015 година, не обезбедил најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-7225/1 од 29.12.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски

надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за културен идентитет, на 29 декември 2015 година, извршила редовен програмски надзор (мониторинг) на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, емитуван на 4 декември 2015 година, при што констатирала дека радиодифузерт необезбедил најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори. Имено, на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, на 4 декември 2015 година, се емитувани вкупно 36.26% вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и инструментална музика од македонски автори.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, спецversion специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-7225/1 од 29.12.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-7225/1 од 29.12.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-7225/1 од 29.12.2015 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 29.12.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 7225 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 декември 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 29 декември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на радио);

- **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7.00 до 19.00 часот);

- **Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радио радиодифузерите се обврзани дневно да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик);

- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со мониторингот на снимката од радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, емитуван на 4 декември 2015 година, на регионално ниво (Скопје), **е констатирано прекршување на член 92 став 15 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, на 4 декември 2015 година, се емитувани вкупно 36.26% вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и инструментална музика од македонски автори.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, на 4 декември 2015 година, не обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***